РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-1220/3
28.11.2019 год.
КОЧАНИ

Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги
КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО
Бр. 03-0307/360
28.11.2019 год.
Скопје

# ДОГОВОР

*Склучен помеѓу:*

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице (во понатамошниот текст : **Нарачател**) и
2. **КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО СКОПЈЕ,** со седиште на бул.„Гоце Делчев“ бр.11, ТЦ Мавровка лок.14-мезанин Скопје, со ДБ 4030008022772, ЕМБС 6334067, жиро сметка: 210063340670177 НЛБ Тутунска банка, застапувано од Лирим Дулови (во понатамошниот текст: **Вршител на услуга**)

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е

**Објавување на огласи во дневен печатен медиум (дневен весник) на македонски и на албански јазик**
**(делива набавка)**

**<u>ДЕЛ 2:</u> Објавување на огласи во дневен печатен медиум - дневен весник на албански јазик кој се дистрибуира на територијата на Републиката**

Со овој Договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни за вршење на услугата: Објавување на огласи во дневен печатен медиум - дневен весник на албански јазик кој се дистрибуира на територијата на Републиката.

Овој договор се доделува согласно Одлуката за избор на најповолна понуда од 07.11.2015 година донесена во постапката која ја спроведува договорниот орган со Набавка од мала вредност по објавен оглас бр.10244/2019 од 17.10.2019 година.

Времетраењето на договорот изнесува 12 месеци или до потрошување на вкупната вредност на договорот.

Вршителот на услугите е должен да пристапи кон вршење на услугата предмет на договорот по претходно добиено барање (нарачка) од Нарачателот во кое ќе се наведат сите потребни податоци за вршење на предметната услугата согласно техничката спецификација и согласно понудата на понудувачот избрана за најповолна. Барањето ќе се смета за уредно доставено доколку истото е доставено и преку електронските средства за доставување на информации: факс или електронска пошта (e-mail) од договорниот орган.

Доставениот огласен материјал ќе се објавува во дневниот печатен медиум на албански јазик весник „Коха“.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Вкупните планираните средства за реализација на предметот на овој Договор, сукцесивна набавка, за целото времетраење на овој Договор, изнесуваат 59.322,03 денари без ДДВ или 70.000,00 денари со вклучен ДДВ 18 %, утврдени во Одлуката за јавна набавка од 10.10.2019 год.

Средствата ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани за 2019 и 2020 година, Програма Е0 и АО ставка 426.

Договорниот орган не е обврзан да ја исцрпи вкупната вредност од ст.1 од овој член.

За огласите кои ќе се објавуваат во дневниот весник „Коха“, вредноста на услугата ќе се утврдува согласно понудената единична првична/конечна цена без ддв за 1см2, утврдена во табелата подолу, понудена од понудувачот КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО СКОПЈЕ.

| Позиција | Големина на простор | Единична цена без ДДВ |
|---|---|---|
| Објава во **втората половина** од весникот со бела позадина | **за 1 см2** | **49,00** |
| | **Вкупна цена:** | **49,00** |

Не се предвидува корекција на цените, односно понудените/утврдените цени ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, освен при евентуално намалување на цените со заедничка спогодба.

**Начин, рок и услови за плаќање**

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со доставување на фактура заедно со придружни документи кон фактурата: барањето од Нарачателот за објавување на оглас и оригиналната страница од објавата во весникот.

Плаќањето ќе се врши во рок до 30 (триесет) дена сметано од денот на приемот на фактурата со придружните документи доставени во Архивата на Договорниот орган.

Доколку фактурата не биде придружена со нејзините придружни документи, истата ќе му биде вратена на Вршителот на услугата и нема да биде наплатена.

Вредноста на секоја стварно извршена услуга ќе се утврдува согласно понудената единична цена без ДДВ за 1 см2 утврдена во чл.2 на овој договор.

**Начин и рок на вршење на услугата**

**Член 4**

Во случај на потреба од објавување на оглас, Договорниот орган, барањето и материјалот за објава го пријавува кај Носителот на набавката во тековниот ден за печатење на дневниот весник најдоцна до 10:00 часот, а Носителот на набавката ќе го објави огласниот материјал во печатеното издание на дневниот весник кое носи календарски датум за утрешниот /наредниот или понаредниот / ден - најмногу до два дена од приемот на барањето.

Услугата се смета за извршена по објавување на доставениот огласен материјал.

Набавката е сукцесивна и ќе се реализира согласно потребите на договорниот орган и по барање на договорниот орган, а во рамките на планираните средства за реализација на предметот на набавка, утврдени во Одлуката за јавна набавка и објавени во јавниот оглас објавен на ЕСЈН.

Во случај на потреба за објавување на оглас во печатен медиум- весник на албански јазик, договорниот орган ќе испрати текст за објава напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а носителот на набавката е должен да изврши правилен превод на текстот за објава од македонски на албански јазик и да го објави во својот печатен весник на албански јазик.

Сите комуникации кои што ќе се вршат помеѓу договорниот орган и носителот на набавката со цел објавување на огласот ќе се одвиват на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот**

**Член 5**

Во случај на доцнење со извршување на услугата од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на договорна казна и право да бара надомест на штета.

Договорната казна за задоцнување со исполнување на обврската за објавување на оглас изнесува 1% од вкупната вредност на договорот со ддв за секој ден задоцнување, а во секој случај има право на надомест на штета.

Договорната казна за неисполнување на обврската за објавување на оглас изнесува 5% од вкупната вредност на договорот со ддв.

**Обврски на вршителот на услугата**

**Член 6**

Вршителот на услугата се обврзува дека услугата ќе ја врши професионално и стручно и согласно стандардите и позитивните законски прописи за ваков вид на услуга, а огласите ќе ги објавува во определениот временски рок и на начин утврдени во членот 4 од овој договор.

**Раскинување на договорот**

**Член 7**

Ако носителот на набавката не ја исполнува својата обврска договорниот орган може еднострано да го раскине договорот со поднесување на Изјава за раскинување на договор, а во секој случај има право да бара надомест на штета.

При раскинување на договорот договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач.

**Член 8**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, а во едниот и во другиот случај во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат праведливо.

**Член 9**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

**Времетраење на договорот**

**Член 10**

Времетраењето на договорот изнесува 12 месеци или до потрошување на вкупната вредност на договорот, сметано од денот на потпишување од договорните страни.

**Завршни и општи одредби**

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на овој договор должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на договор за изменување и дополнување на основниот договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки само ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од договорните страни.

**Член 12**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не можат да ги решат спогодбено ќе ги решава месно и стварно надлежен суд.

**Член 13**

Се што не е предвидено со одредбите од овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигациони односи и позитивните прописи во Република Северна Македонија кои ја уредуваат оваа материја.

**Член 14**

Договор е изготвен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои 4 за Нарачателот и 2 за Вршителот на услугата.

*Носител на набавката,*
*Коха Продуцтион ДОО Скопје*
*Управител,*

*( Лирим Дулови )*

*Договорен орган,*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*